

# Мисионски проповеди

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА

2/2021

*Сабота, 3 април 2021*

## ПОДГОТОВКА ЗА НЕВРЕМЕ

Мелвин Њуленд

Римјаните 8,31-39

**Илустрација:** Клаудија била многу млада кога во нејзините дваесетти години ѝ била откриена Хоџкинсоновата болест, така што останале 50% шанси да преживее. Брзо била оперирана и почнала да прима терапија со кобалт, која скоро преку ноќ, од една убава и млада жена направила физичка урнатина.

Нејзиниот сопруг бил помошник на свештеникот во болницата, поради што видел многу болни луѓе и пациенти на умирање. И рекол. „Во филмовите, брачните двојки кои со години се расправале, одеднаш ги заборавaат своите разлики, и целосно се соединуваат кога ќе се соочат со опасност. Но во вистинскиот живот не мора да биде така.“

„Кога ќе настапи криза кај брачната двојка само се засилува она што дотогаш било присутно во нивниот живот. Бидејќи Клаудија и јас верувавме во Бога, и длабоко се сакавме еден со друг, кризата нè зближи. Поради болеста само се засилија чувствата кои веќе беа присутни.“

Клаудија и нејзиниот маж немале поим дека во животот ќе се соочат со ваква криза, но кога таа се случила, откриле дека веќе развиле способности и сили кои ќе им помогнат да ја совладаат.

Што се случува со нас денес? Веројатно повеќето од нас никогаш нема да доживеат таква криза, со која се соочиле Клаудија и нејзиниот маж. Но сепак, сигурно ќе се случат бури, болки во срцето, одлуки и тешки моменти кои имаат потенцијал да нè вовлечат во криза која може да го промени целиот наш живот.

Што да сториме тогаш? Дали ќе бидеме подготвени да се соочиме со неа? Дали ќе имаме доволно внатрешни сили кои ни се потребни за борба? Ако не, на кој начин денес треба да се подготвиме за тие моменти?

Убеден сум, дека ако сакаме да имаме сили кои ќе ни бидат потребни во време на криза, тогаш уште денес мора да се подготвиме за таквото време.

## 1. БИДЕТЕ СИГУРНИ ВО ВАШАТА ЗАЕДНИЦА СО БОГА

**А.** Првата подготовка која треба да ја направиме е да бидеме сигурни во нашата заедница со Бога, дека Исус е нашиот Спасител, а ние секојдневно одиме со Него.

**Илустрација:** „Библијата ни дава живи примери; Аврам одел со Бога и бил наречен Божји пријател; Ное одел со Бога и кога дошол потопот, тој и неговото семејство биле спасени; Мојсеј одел со Бога во пустината кога Бог го повикал да го одведе Неговиот народ на слобода.

Давид одел со Бога како млад пастир, и кога бил повикан да владее со народот, бил целосно подготвен за задачата. Даниел бил спасен од лавовската јама, а неговите другари од огнената печка.

Но Бог не ги извлекува секогаш своите деца од огнот. Стефан бил млад човек полн со вера и Свети Дух (Дела 6,5), кога бил каменуван до смрт. Но сепак, неговата визија за небото била триумфална. Погледнете ја судбината на некои од апостолите: Петар бил распнат наопаку; Андреј бил врзан за крст со дебели јажиња три дена пред да умре; Јован бил заробеник на пуст остров; Вартоломеј бил претепан, а потоа му била отсечена главата; Тома бил убиен додека проповедал.

Овие луѓе буквално оделе со Бога, а сепак страдале. Меѓутоа, во животот одекнувале зборовите на Павле: „Извојував добра борба, го завршив трчањето, ја запазив верата. Отсега натаму ми е подготвен венецот на правдата, што ќе ми го даде во оној Ден Господ, Праведниот Судија, и не само мене, туку и на сите, кои го возљубија Неговото јавување“ (2. Тимотеј 4,7.8).

Иако не сме биле присутни заедно со нив пред 2.000 години, ние имаме пристап до истата сила која и ним им била достапна. Додека одиме со нашиот Господ, го запознаваме сѐ подобро и подобро, така што може да кажеме заедно со нив: „Зашто за мене живот е Христос, а умирањето – придобивка“ (Филипјаните 1,21).

## 2. ОТВОРЕТЕ ЈА ВАШАТА БИБЛИЈА И КОРИСТЕТЕ ЈА КАКО ВОДИЧ ВО ЖИВОТОТ

Второ, потребно е да ја отвориме Библијата и да ја користиме како водич во секојдневниот живот. Се прашувам што се случи со учењето библиски стихови напамет? Децата во саботната школа често ги учеа библиските стихови напамет. И возрасните често беа посветени на учењето на библиските исечоци. Но, за жал денес луѓето повеќе ги знаат зборовите од некоја телевизиска реклама, отколку зборовите од Библијата.

**Илустрација:** Расел Морс, еден од големите мисионери долж границата меѓу Кина и Бурма, во 1951 година бил заробен од кинеските комунисти, кои го држеле во затвор 21 месец. Му рекле дека жена му и најмладиот син се убиени, а него 15 месеци го држеле во самица, целосно отсечен од какви било надворешни контакти. Му ги скршиле очилата, и го фрлиле во мрачна ќелија, без Библија или каква било друга книга. Два пати дневно му била давана храна преку отворот на неговата ќелија, без воопшто да види човечко лице или да чуе човечки глас.

Отсечен од сите човечки контакти, несигурен дали воопшто некој од надворешниот свет знае дали е жив, подоцна рекол дека сигурно би полудел, кога не би бил во состојба да се потсетува на библиските стихови и песни кои во текот на годините ги учел напамет. Само тоа го поттикнувало неговиот ум да биде активен.

Луѓето раскажувале дека, кога страдале, можеле да се потсетат само на мали делови од Библијата. Една жена постојано повторувала: „Сè можам преку Христа, Кој ми дава сила“ (Филипјаните 4,13). Се прашувам какви стихови имаме сочувано за иднината?

## 3. МОЛИТВАТА НЕКА БИДЕ ВИТАЛЕН ДЕЛ ОД ВАШИОТ ЖИВОТ

**А**. Трето, дури и пред да почне бурата, потребно е да направиме молитвата да стане витален дел на нашиот живот. И порано сме зборувале за важноста на молитвата, но изгледа дека често се молиме за време на кризата, а потоа ја заборавame.

**Илустрација:** Непосредно пред почетокот на заливската војна, една црква во Америка организирала молитвено богослужение за јавноста. Црквата била преполна. Дури и споредните простории биле полни со луѓе кои слушале преку разгласот. Тоа било многу емотивно богослужение, додека луѓето се молеле за Божја заштита и милост за време на војната.

Бог ги услишил нивните молитви. Војната била драматична но кратка, а загубата на човечките животи била помала од очекувањата.

Затоа неколку седмици подоцна, црквата организирала уште едно молитвено богослужение, овојпат во знак на благодарност на Бога. Но кризната атмосфера поминала, така што се појавиле само дваесеттина луѓе, кои одлучиле да дојдат и да му заблагодарат на Бога што ги услишил нивните молитви.

**Илустрација:** Во Библијата постои приказна за молитвата која се користела против еден лош владетел. Сенахирим бил асирски владетел кој се фалел дека ќе го порази Божјиот народ и ќе ја заземе нивната земја. Пратил порака во Израел, исмевајќи му се на народот поради неговата слабост и фалејќи се со својата сила. Кога Сенахирим зборувал, целиот народ треперел!

Израелскиот цар Езекија, бил човек на верата. Знаел дека Асирците лесно можат да ги уништат на човечко ниво. Но, Езекија имал тајно оружје. Го повикал пророкот Исаија, и заедно падналe на колена во молитва пред Бога. Погледнете што се случило!

2. Дневникот 32,21.22 вели: „Тогаш Господ испрати ангел, кој ги уништи сите храбри јунаци, заповедниците и началниците во војската на асирскиот цар, така што се врати засрамен во својата земја. А кога влезе во храмот на својот бог, го сосекоа таму со меч некои, кои се родија од неговото крило. Така Господ ги спаси Езекија и ерусалимските жители од раката на асирскиот цар Сенахирим и од раката на непријателите, та им даде мир отсекаде.“

**Б**. Но, ние не треба да се молиме само во време на војна. Денес во нашите земји се случуваат многу битки. На нашите водачи им се потребни нашите молитви. Во училиштата се потребни нашите молитви. И во нашите цркви се потребни нашите молитви.

Апостол Павле нѐ предупредува: „Зашто нашата борба не е против крвта и телото, туку против началствата, против властите, против светските владетели на темнината на овој век: против духовните сили на злото во небесните места“ (Ефесјаните 6,12).

Дали сме духовно подготвени, како поединци и како нација? Ако сакаме да преживееме во безбожниот и материјалистички свет кој се повеќе се исполнува со омраза, мора најнапред да се покаеме што нашиот живот сме го поминале без молитва. Молитвата мора да биде нашиот приоритет. Дури и црквите сѐ повеќе се одвојуваат од молитвата. Храната и општествените активности станале приоритет.

Чуда се случуваат кога Божјиот народ ќе му се обрати на Бога во молитва. Не треба да се молиме Бог да биде на наша страна, туку ние да бидеме на Божја страна. Запомнете, Бог не ветил дека ќе нѐ избави од неволјите, туку дека ќе биде со нас постојано.

## 4. ПРАКТИКУВАЈТЕ ЈА ХРИСТОВАТА ПРИСУТНОСТ

**А.** Конечно мора да ја вежбаме Христовата присутност. Како да ја доживееме близината на Нашиот Господ? Дали ни е потребна слика која ја насликал некој уметник, за да сфатиме дека Тој е со нас?

**Илустрација:** Чарлс Спурџон еднаш рекол дека не поминале 15 минути од животот во кој не ја чувствувал Христовата присутност. Би сакал и јас да можам да дадам таква изјава! Каква сила би имале, кога би се однесувале според мислата дека Христос е постојано со нас.

**Илустрација:** Еден пастор во својата црква упатил повик кон верниците да донесат одлука дека една година нема да не прават ништо без да се запрашаат: „Што би направил Исус на мое место.“

Овој предизвик бил потресен кога еден бездомник, тагувајќи по својата жена која умрела во сиромаштија, влегол во оваа црква и им се обратил на верниците. Рекол: „пред некоја вечер слушнав како верниците во црквата пеат песна која зборува за тоа како му се предаваат на Исуса, со сите свои мисли и дела, во сите денови и ноќи.

Додека седев на скалите пред црквата, се прашував, што им значи тоа? Ми се чинеше дека во светот има многу неволји кои не би

постоеле кога луѓето кои пеат вакви песни, би постапувале според нивната содржина.“

Кога овој бездомник би се обратил до нас денес, каков одговор би му дале? Дали го живееме животот со мисла „што би сторил Исус“? Дали секојдневно го практикуваме Христовото присуство?

Во илустрацијата, бездомникот умрел, но толку силно ја допрел совеста на оваа црква, така што животите на многумина се промениле, токму онака како што би се променил и нашиот живот кога вистински би ги следеле Неговите чекори, и би се прашувале „што сака Исус да направам.“

Христос им ветил на своите ученици „И еве, Јас Сум со вас во сите дни до свршетокот на светот!“ (Матеј 28,20) Колку прекрасно ветување! Треба да негуваме чувство за неговото присуство, додека ги вршиме секојдневните работи во сопствениот живот.

Да се сетиме на зборовите во Римјаните 8,31-39:„И така, што да речеме на ова? Ако е Бог со нас, кој ќе биде против нас? Оној, Кој не Го поштеди ни сопствениот Син, туку Го предаде за сите нас, како не ќе ни подари сè друго со Него?

Кој ќе ги обвини Божјите избраници? Бог ли, Кој ги оправдува? Кој е оној кој ќе ги осуди? Христос Исус ли, Кој умре – но уште и воскресна – Кој е од десната страна на Бога и Кој се застапува за нас? Кој ќе нè одвои од Христовата љубов? Неволјата ли, или притеснувањето, или гонењето, или гладот, или голотата, или гибелта или мечот? Како што е напишано: ‚‚Заради Тебе нè убиваат постојано, нè сметаат како овци за клање.‘

Но во сè ова победуваме надмоќно преку Оној, Кој нè возљуби. Зашто сум уверен дека ни смртта, ни животот, ни ангелите, ни властите, ни сегашноста, ни иднината, ни силите, ни височината, ни длабочината, ниту некое друго создание, ќе може да нè оддели од Божјата љубов, која е во Христа Исуса, нашиот Господ.“

**Илустрација:** На почетокот на 1900-тите, Јапонија ја освоила Кореја, а на луѓето им се заканувала со дивјачка свирепост. Се чинело, дека особено христијаните биле на мета. Ги забраниле богослуженијата во црквите, ги зазеле црковните згради, ги убиле и затвориле христијанските водачи и ги депортирале сите странски мисионери.

Сепак, еден корејски пастор постојано го молел локалниот јапонски шеф на полицијата да му дозволи да одржува богослуженија. Неговото барање, конечно било одобрено, така што шефот на полицијата одлучил да ја отклучи неговата црква, само за една вечер. Не требало многу да се прошират вестите.

Непосредно пред излегувањето на сонцето во недела наутро, многу христијански семејства гладни да присуствуваат на богослужение, се упатиле кон црковната зграда. Поминувале покрај јапонските освојувачи, кои ги гледале со груби и дрски погледи, но сето тоа не можело да ја намали нивната радост.

Корејските цркви биле многу познати по своите песни. Малкумина селани кои работеле во близината ги слушале песните кои одекнувале низ црквените прозорци, означувајќи го неделното утро.

Во текот на една строфа од песната „Чуј ме, о Боже мој", јапонскиот офицер им дал наредба на своите војници, да ги заглават вратите, ѕидовите да ги полеат со бензин и да ја запалат црквата.

Додека чадот почнал да ја исполнува црквата, луѓето кои биле внатре се затрчале кон прозорците. Но, нивната надеж за избавување исчезнала кога телата на оние кои излегувале паѓале назад изрешетани од куршумите на војниците кои биле надвор.

Пасторот знаел дека нема спас. Со мир кој потекнува од небесната доверба, почнал да пее. Тоа било сè што им требало на другите верници. Додека пламенот ги печел нивните очи, веднаш се придружиле кон пеењето на песната: „Чуј ме о Боже мој, чуј, чуј ме Ти, овде ме мачи грев, ме плаши јад!"

Ја пееле последната строфа кога покривот се срушил, но за преплашените селани кои гледале од надвор, тие зборови станале вечно сведоштво за нивната вера.

Потоа звуците на музиката и плачот на децата се изгубиле во пламенот што беснеел. Телата во кои некогаш имало живот, гореле заедно со последните остатоци од зградата. Но еден ден гордо и победоносно ќе стојат пред Бога.

**Заклучок:** Како е со вас? Дали се подготвувате за бурите во животот, или ќе останете без средствата кои ви се потребни?

Најдобриот начин да се подготвите, е да го запознаете Бога, да сознаете дека Исус Христос е вашиот Спасител; да ја собирате неговата Реч во сопственото срце; молитвата да стане составен дел на вашиот живот и секојдневно да ја вежбате Неговата присутност во своето срце.

*Сабота, 1 мај 2021 година*

## ЦРВЕНАТА ВРВЦА ВО ЕРИХОН

### ЦРВЕНАТА ВРВЦА БИЛА НЕОПХОДНА БИДЕЈЌИ СЕ ЗАКАНУВАЛО УНИШТУВАЊЕ (Исус Навин 2,2-13)

Луѓето кои живееле во Ханан и во Ерихон биле Божји непријатели. Тоа бил безбожен народ, кој сопствените деца ги жртвувал на богот Молох, учествувале во подивени оргии, се обидувале да контактираат со мртвите, се занимавале со вештерство и правеле многу други работи кои биле одвратни пред Бога. Тоа бил лош и навистина безбожен народ. Над нив требало да се спроведе Божјиот суд преку рацете на Божјиот народ Израел.

Така Божјите непријатели се наоѓале зад утврдените ѕидови на Ерихон, и знаеле дека на повидок се наоѓа голема неволја. Слушнале за тој народ, за Израелците, како семоќната рака на нивниот Господ ги ослободила од Египет. Извештајот за Божјето раздвојување на водите на Црвеното море бил многу познат во оваа земја. Исто така и вестите дека овој народ во потполност ги уништил силните и моќни војски на Ог и Сион, заземајќи ја нивната земја, го преокупирале нивното внимание.

Сега, овој народ, кој делувал толку силно и неуништливо, одел кон нив. Израелците требало само да ја преминат реката, и да се најдат во нивната земја.

Жителите на Ерихон знаеле дека неволјата може да стигне во секој момент, и затоа поставиле стражи кои требале да известуваат за каков било знак меѓу Израелците.

Луѓето во Ерихон уплашено стражареле.

Божјиот народ дошол, така што преминал преку реката Јордан. Бог имал план да предизвика уништување на своите непријатели. Планот се состоел во тоа, седум свештеници да маршираат пред ковчегот со труби, а по нив да одат наоружани луѓе. Требало еднаш да маршираат околу градот, шест дена по ред, и да бидат многу тивки. Седмиот ден требало да маршираат седум пати, а седмиот пат свештениците силно требало да дуваат во своите труби, а народот да вика. Тоа бил Божјиот план за освојување на Ерихон.

Сигурен сум, дека кога Израелците се приближиле до градот и го направиле она што го заповедал Бог, луѓето од другата страна на ѕидините мислеле дека Израелците се смешни. Можеби имало коментари како што се: „Ние се плашевме од овие луѓе, а Израелците се луди, изгледа дека потполно се изместиле од паметот, одат во круг, како деца кои си играат.“ Можеби му се исмевале на Божјиот народ од врвот на ѕиданата тврдина. Без оглед што мислеле нивните непријатели, Божјиот план се спроведувал без грешка. Смеењето ќе престане, исмевањето ќе стивне, ѕидовите ќе се срушат, а Божјите непријатели ќе бидат уништени.

**ЦРВЕНАТА ВРВЦА БИЛА ПОТРЕБНА БИДЕЈЌИ ДОАЃАЛО УНИШТУВАЊЕ**.

**ЦРВЕНАТА ВРВЦА ЗНАЧЕЛА ДЕКА ИЗБАВУВАЊЕТО Е НА РАСПОЛАГАЊЕ**

Кому му било достапно избавувањето?

Во право сте, на Рава!

А, зошто токму неа?

Основната причина е поради нејзината вера во Бога. Новиот завет во Јаков 2 и Евреите 11, ја споменува Рава како пример на човек кој има вистинска вера. Нејзината вера била целосна, бидејќи постапувала со послушност втемелена на верата. Оваа вера со послушност, била вистинската вера која Библијата ја признава. Знаеме дека Рава имала вера, а тоа го забележува и Новиот завет. Но знаеме и дека нејзината вера се темелела на две работи споменати во втората глава од книгата на Исус Навин.

**А)** Слушнете ја нејзината изјава за верата забележана во Исус Навин 2,11: „Кога го чувме сѐ тоа, ни застана срцето, и никој да собере сила за да ви се спротиви, зашто Господ, вашиот Бог – Тој е Бог горе на небесата и долу на земјата.“ Рава слушнала за Бога и покажала вера; останатите во Ерихон слушнале за Бога и имале само страв.

**Б)** Втората работа која ни зборува за нејзината вера, е дека таа целосно постапувала според верата која ја поседувала. Рава ги скрила извидниците и го направила она што тие го барале од неа.

Какви биле условите за нејзиното избавување?

Постоеле три услови наведени во текстот кои морала да ги исполни, за да добие избавување од претстојната пропаст, а тоа биле:

а) да заврзе црвена врвца на својот прозорец;

б) да ја доведе својата мајка и татко, браќата, сестрите и целиот нејзин дом;

в) никому да не кажува што прават Израелците.

**ЦРВЕНАТА ВРВЦА БИЛА ПОТРЕБНА БИДЕЈЌИ ДОАЃАЛО УНИШТУВАЊЕ**.

**ЦРВЕНАТА ВРВЦА ЗНАЧЕЛА ДЕКА ИЗБАВУВАЊЕТО Е НА РАСПОЛАГАЊЕ**

Кога Рава ги спуштила луѓето со помош на јаже, морала да донесе одлука. Знаела кои се условите и каква одлука треба да донесе: „Или ќе ги исполнам условите, или нема.“

Додека читате понатаму, добивате впечаток дека Рава веќе донела одлука. Ајде да го погледнеме овој стих.

Кога слушнала кои се условите за нејзиното избавување од пропаста, Рава одговорила: „Нека биде како што рековте!“ Тогаш ги пушти, и тие си отидоа, а таа ја заврза за прозорецот црвената врвца“ (стих 21).

Изгледа дека не губела време во врзувањето на врвцата. Штом Израелците излегле низ прозорецот, веднаш ја врзала црвената врвца.

Рава добро знаела што треба да направи и затоа воопшто не губела време.

Знаела дека треба да биде внатре, ако не го стори она што и го рекле, и ако не бидат во својата куќа ќе се соочат со пропаст како

целиот град, но ако остане во својот дом и постапи според упатствата ќе биде спасена.

Црвената врвца барала од Рава да донесе одлука, а таа ја донела вистинската, и токму затоа била спасена заедно со нејзиното семејство. После победата во Ерихон, Рава живеела со Израелците, така што станала мајка на Воз, мажот на Рута; исто така Рава се споменува во Исусовиот семеен родослов. Какво чудесно избавување од пропаста доживеала!

**СЕГА ДА ЗБОРУВАМЕ ЗА ЦРВЕНАТА ВРВЦА ВО ЕРУСАЛИМ;**

**ЦРВЕНАТА ВРВЦА БИЛА ПОТРЕБНА БИДЕЈЌИ ДОАЃАЛО УНИШТУВАЊЕ**

Пред 2000 години во Ерусалим била закачена црвена врвца, Исус Христос, Божјиот син. За Божјите непријатели црвената врвца значела дека доаѓа уништување, и тоа целосно уништување! Уште од Едемската градина, Божјиот голем непријател, сатаната, се наоѓал на стража. Во 1. Мојсеева 3,16 Бог му вели на сатаната дека неговата победа во градината, ќе биде со краток здив, бидејќи Бог на човештвото ќе му го прати Спасителот, кои ќе ја здроби главата на сатаната, и ќе му зададе смртен удар.

Кога Спасителот бил роден, сатаната го набљудувал и се обидувал да го убие. Но не успеал во тоа. Подоцна се обидел да го наведе Исуса да прими мито, и да ги здружи своите сили со неговите. Сатаната бил сигурен дека неговиот план ќе успее, но познато ни е дека не успеал во тоа. Тој бил на стража, и многу се исплашил бидејќи знаел дека може многу да загуби. Затоа не сакал да се откаже.

Постоеле луѓе кои му помагале на сатаната, иако требале да бидат најголеми Исусови сојузници а тоа биле: свештениците, фарисеите и другите верски водачи. Но тие луѓе, исто така, се плашеле од Исуса. За нив црвената врвца значела дека се приближува уништување. Исус бил нивна најголема закана. Тој бил закана за нивниот начин на живот, нивната моќ, нивната положба, нивната празна слава и самоправедност. Затоа мореле да го запрат Исуса!

Така Божјите непријатели (земски и духовни) смислиле ѓаволски план да го уништат Исуса, и да го ослободат овој свет од Него.

Било мрачно и тивко, Исус со своите ученици се молел во градината, толку упорно и истрајно, да наместо пот, од челото му течеле капки крв. Како што правел многу пати претходно, Исус не се молел за своите потреби, туку за потребите на другите. Можел да ги види неволјите и тешкотиите со кои ќе се соочат Неговите следбеници, а знаел и за искушенијата со кои ќе биде искушана нивната вера. Се молел за своите ученици, како и за сите свои следбеници ширум светот, во текот на сите години. Исус, ноќта пред да умре, се молел за нас.

Изненадно се појавиле војници со факли и стапови во своите раце. Следел бакнежот на предавството. Исус бил врзан и одведен.

Во часовите што следеле, Исус стоел пред еврејските и римските водачи. Бил тепан, плукан, навредуван, а плеќите му се претвориле во крвава маса. Учениците го напуштиле, слаб, уморен и крвав, бил присилен да го носи сопствениот крст, до местото на брдото кое се викало Голгота.

Таму долгите клинови ги пробиле Неговите раце и нозе. Шест часа, во тој петочен ден висел на крстот, распнат помеѓу небото и земјата. Кога сакал да воздивне морал да се крене на своите приковани нозе, да ги повлече своите приковани раце и да ги изгребе своите плеќи на грубото дрво на крстот, додека бубачки и муви се вгнездувале во Неговите рани.

Неговите непријатели, Божјите непријатели, го набљудувале ваквиот призор со голема радост. Мислеле дека засекогаш ќе биде отстранета нивната најголема закана. Додека Исус висел, не можеле да му се спротивстават на искушението, уште еднаш за последен пат да му нанесат последна навреда, и да му покажат на младиот бунтовник од Назарет кој е главен. „Еј Исусе, царе Еврејски, ако си навистина Тој за кого се нарекуваш, симни се од крстот. Тоа сигурно не било тешко за Божјиот син. Ајде, Исусе, да те видиме како го правиш тоа. Каков цар се нарекуваш, навистина е патетично, бидејќи некогаш многу се плашевме од овој човек.“

Исус бил целосно сам, ги носел гревовите на светот, вашите и моите. Додека воздивнувал по последен пат, Исус повикал „свр-

шено е“, и го предал својот дух, а Бог му го свртел грбот на својот син кој го сакал, бидејќи ги носел нашите гревови.

Божјите непријатели (земски и духовни), мислеле дека победиле. Колку слаб човек избрал Бог, колку беден бил Божјиот план, овој Исус не можел себеси да се спаси а не пак целиот свет. Настанала радост во еврејското царство, додека ја прославувале својата победа.

Но тоа бил петок, а доаѓала недела! Се раздденило, а гробот останал празен! Христос станал, Тој е жив!

Исус со голема сила излегол од гробот, кинејќи ги јажињата кои го врзувале, засекогаш уништувајќи ја силата на смртта! Гробот и смртта не можеле да го задржат Исуса, тоа било невозможно бидејќи Исус е Бог и Тој е жив!

Битката која со векови беснеела сега била завршена. Битката била долга и тешка, но кога одѕвонило последното ѕвоно, Исус стоел единствено.

Но уништувањето штотуку доаѓа. Исус повторно ќе дојде како Цар над царевите и Господар над господарите. Никој нема да го повреди, ниту ќе се обиде да му се исмева додека се враќа во слава, туку секое колено ќе му се поклони, а секој јазик ќе признае дека Исус Христос е Господ. Тој е Господ, кој станал од мртвите и повторно ќе дојде.

Многумина не веруваат дека повторно ќе дојде, и сè уште мислат дека Божјиот план е смешен. Павле рекол во 1. Коринќаните 1,18:„Зашто, словото за крстот е безумство за оние, кои пропаѓаат, а за нас, кои се спасуваме, Божја сила.“ Тоа е вистина, бидејќи за оние кои пропаѓаат, кои го отфрлаат Христа, ова навистина нема смисла. Нивната гордост, самозадоволство и нивното его се заслепени од едноставните вистини на евангелието. Тед Тарнер, (сопственик на кабелска ТВ и спортски херој) рекол: „Христијанството е религија на губитници. Воопшто не е потребно некој да умре за мене!“

Без оглед дали тој сака да признае или не, неопходно е потребно некој да умре за нив, потребна им е црвената врвца бидејќи доаѓа уништувањето, доаѓа Господовиот ден (2. Петрова 3,3-15).

Кога ќе дојде Господовиот ден, кога ќе се врати Исус, Божјите непријатели ќе бидат уништени. Тоа се оние кои живеат на врвовите од своите утврдени градови, кои го одбиваат Бога, и го исмеваат; тоа се оние кои изградиле ѕидини за кои веруваат дека ќе ги заштитат додека живеат во градот со сопствените гревови.

Но, ќе се огласи трубата и Нашиот Господ ќе се врати, а ѕидовите ќе се срушат, така што Божјите непријатели кои живеат во градот на гревот, ќе се побунат и ќе бидат уништени.

**ЦРВЕНАТА ВРВЦА МУ БИЛА ПОТРЕБНА НА ЕРУСАЛИМ БИДЕЈЌИ ДОАЃАЛО УНИШТУВАЊЕТО;**

**ЦРВЕНАТА ВРВЦА ВО ЕРУСАЛИМ ЗНАЧЕЛА ДЕКА ИЗБАВУВАЊЕТО Е НА РАСПОЛАГАЊЕ**

Исто како во случајот на Рава, постои начин за бегство од пропаста.

**КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ ОПФАТЕН СО ОВА ИЗБАВУВАЊЕ?**

Одговорот е: Да го цитираме веројатно најпознатиот стих од Светото Писмо: „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот!“ (Јован 3,16)

Кому му припаѓа ова избавување? На секого од нас. Никој не мора вечно да умре, сите може да бидат спасени.

Јован понатаму зборува и за причината поради која Исус (нашата врвца) дошол на овој свет, не за да донесе уништување, бидејќи тоа веќе доаѓа, туку спасение.

Зошто ова избавување ни е ставено на располагање?

Затоа што Бог го засакал светот, затоа што не сака сите нас, па и мене. Затоа го пратил Исуса да умре.

Кои се условите да го примиме ова избавување?

Кога Рава би си рекла себеси: „Мислам дека оваа црвена врвца би била многу поубава ако виси на мојот плафон, затоа ќе ја закачам таму“, дали навистина би била спасена? Сигурно, не.

Бог ги поставува условите за спасение, а не ние. Кои се тие услови?

Во евангелието според Јован, во третата глава, Исус вели дека мора повторно да се родиме, за да влеземе во Божјето царство. За да се родиме повторно мора да умреме за работите кои ја предизвикуваат нашата смрт, пред сѐ за гревот. Гревот нѐ убива.

Како умираме за гревот?

Верувајќи дека Исус е Божји син.

Признавајќи ја нашата грешност и каејќи се поради нашите гревови. Мора да бидеме подготвени да го признаеме, и да го направиме Господар на нашиот живот.

Кога ќе го сториме сето тоа подготвени сме да умреме.

Павле во посланието до Римјаните ни кажува како и кога се случува оваа смрт (Римјаните 6,3-7): „Или зар не знаете дека сите ние, кои сме крстени во Исуса Христа, крстени сме во Неговата смрт? И така, преку крштавањето во смртта, погребани сме заедно со Него, – та како што Христос воскресна од мртвите преку славата на Таткото, – така и ние да одиме во нов живот. Зашто ако сме соединети со Него во смртта слична на Неговата, ќе бидеме и во воскресението слично на Неговото. Тоа го знаеме: нашиот стар човек е распнат заедно со Него, за да биде уништено телото на гревот, па да не му робуваме веќе на гревот, зашто тој кој умрел, е оправдан од гревот."

Тоа се случува при нашето крштавање, вели Библијата, кога учествуваме во смртта, погребението и воскресението на нашиот Господ и Спасител Исус Христос.

Тоа е единственото место на кое, според Библијата се мијат нашите гревови. Не треба да ја закачиме црвената врвца на плафонот, туку да го направиме тоа на Божји начин. Бог е единствениот кој може да ни донесе спасение.

Прекрасниот момент на крштавањето, претставува жива слика на евангелието.

Кому? Секому.

Зошто? Бидејќи Бог не сака.

Под кои услови? Под Божји услови.

**ЦРВЕНАТА ВРВЦА МУ БИЛА ПОТРЕБНА НА ЕРУСАЛИМ БИДЕЈЌИ ДОАЃАЛО УНИШТУВАЊЕТО;**

**ЦРВЕНАТА ВРВЦА ВО ЕРУСАЛИМ ЗНАЧЕЛА ДЕКА ИЗБАВУВАЊЕТО Е НА РАСПОЛАГАЊЕ**

**ЦРВЕНАТА ВРВЦА НИ Е ПОТРЕБНА СЕГА, ДОДЕКА ДОНЕСУВАМЕ ОДЛУКА!**

Ние може да бидеме внатре или надвор, да бидеме со Христа или против Него, да ги исполнуваме Божјите услови или не. Ако сме ги исполниле Божјите услови, и ако сме умреле за гревот, не треба да се плашиме од пропаста која доаѓа, бидејќи сме безбедни во Христовите раце.

**Заклучок:**

Во 1829 година, еден човек од Филаделфија со име Џорџ Вилсон ограбил пошта, притоа вршејќи убиство. Вилсон бил одведен на суд, бил прогласен за виновен и осуден на бесење. Некои пријатели интервенирале во негова корист и конечно успеале од претседателот Ендрју Џексон да добијат простување. Но, подоцна претседателот бил информиран дека Џорџ Вилсон го одбил неговото простување!

Шерифот не сакал да ја изврши пресудата, впрочем како можел да обеси човек на кого му било простено? Упатен е повик до претседателот Џексон. Збунетиот претседател се обратил до Врховниот суд на САД, тој да го реши овој случај. Главниот судија одлучил дека тоа простување претставува парче хартија, чија вредност зависи од оној кој треба да ја прифати. Тешко може да се сфати дека личноста осудена на смрт може да го одбие ваквото простување, но бидејќи е одбиено, тоа веќе не претставува простување. Џорџ Вилсон мора да биде обесен. Така Џорџ Вилсон наскоро бил обесен, иако неговото простување лежело на масата на шерифот.

На ист начин некои одбиваат да го прифатат дарот на спасението, одбивајќи го простувањето кое им е ставено на располагање. Навистина е трагично да бидеме осудени на смрт, кога нашето простување лежи во Божјите раце.

*Сабота, 5 јуни 2021*

## СЕДУМТЕ ГРЕВОВИ НА ЦРКВИТЕ КОИ ИЗУМИРААТ

Том Раинер

Една неделна вечер стоев пред 700 членови на црквата. Мојата задача беше јасна. Требаше да ги презентирам резултатите на консултациите кои ги правевме заедно со мојата екипа, во текот на изминатите седмици.

Оваа презентација требаше да биде лесна и брза. Но, сосема спротивно, таа беше многу стресна и напната. Кога покажав и најмала грижа и понудив лекови, десетина верници креваа раце за да ми кажат дека не сум во право, и дека вреднувањата на екипата за советувања се целосно погрешни.

Засегнатата црква веќе две децении доживувала пад на бројот на верниците. Сепак од перспективата на многумина верници, црквата била здрава и напредна. Од моја перспектива, најочигледната реалност која ја забележав беше негирањето на проблемите.

Поуки од минатото, поуки за иднината.

Во текот на изминатите 20 години, еден од најголемите благослови во мојот живот беше можноста да проучувам и советувам илјадници цркви. Видов стотина здрави цркви кои ме научија вредни поуки.

За жал, видов и илјадници цркви чија служба опаѓа, чии членови се обесхрабрени, а евангелско влијание било сосема безначајно. Неодамна ги прегледав моите претходни советувања и истражувачки проекти, за да ги одредам заедничките карактеристики на црквите кои умираат.

Го открив она што може да се нарече „седум гревови на црквите во изумирање“. Овие теми не се меѓусебно исклучиви; честопати тие се меѓусебно поврзани едни со други. Но, наместо да бидат извор на разочарување, се молам моето изнесување на седумте гревови да биде орудие, кое ќе ви помогне да ги избегнете стапиците кои ги доживеале водачите на другите цркви.

**Грев број 1: Разводнување на доктрината**

Еден од нашите советници седеше во една класа каде што се проучуваше Библијата, во една црква која ја повика нашата екипа на едно подолгорочно советување. Му беше кажано дека во класата се наоѓаат некои од најсилните водачи на црквата. На негово изненадување, целото библиско проучување беше дебата за тоа, дали нехристијаните можат да одат на небо или не. По неколку аргументи, заклучокот бил дека Бог таквите луѓе навистина би ги пуштил на небото.

Кога клучните вистини како доктрината за исклучивоста ќе станат предмет на сомневање, црквата се наоѓа во голема неволја. Кога другите патишта и религии се изедначуваат со христијанството, нема голема мотивација за мисионска работа и евангелизам.

Иронично, во нашата анкета за оние кои не одат во црква ширум Америка, откривме дека тие нехристијани се помалку склони да одат во црква која има слаби доктринални верувања, во споредба со црквите кои имаат силни доктринални верувања. „Зошто би губела време на место во кое луѓето немаат сигурност во својата вера?“, рекла Ејми, една 29 годишна млада жена која не оди во ниедна црква. „Па и во светот има доволно несигурност.“

**Грев број 2: Губење на евангелската страст**

Не е никакво чудо што црквите во опаѓање, умираат зошто имаат малку евангелска страст. Многу постари пастори целосно ја изгубиле својата евангелска страст. Верниците ја следат визијата на оние кои ги водат, особено на пасторите.

**Грев број 3: Недостаток на важност**

За жал, многу цркви денес воопшто не живеат во согласност со трендовите кои се менуваат и со вредностите на нашето општество.

Вистина е, некои цркви целосно ги напуштиле клучните вистини на верата, во својата желба да бидат релевантни на општеството на кое му служат. Но многу цркви се длабоко несвесни за стварноста, за надежта и болката на оние околу нас. Неверството кон доктрините на христијанската вера води во отпад. Неразбирањето на светот во кој живееме и служиме, води до целосно губење на релевантноста во општеството.

**Грев број 4: Малку служби насочени кон надворешноста**

Во една анкета која била спроведена неодамна на територијата на САД, откривме дека скоро 95% од црквените служби се насочени кон сопствените верници. Многу цркви немаат никаква служба за оние кои се наоѓаат надвор од заедницата на верниците.

Многу цркви постојат самите за себе. Иако треба да постојат служби кои треба да бидат на располагање на верниците, често пати рамнотежата меѓу надворешните и внатрешните служби, претежнува кон внатрешните. Кога црквата е насочена кон службата на своите верници, тоа е сигурен знак дека се случува опаѓање и дека смртта е неизбежна.

**Грев број 5: Судир околу личните особености**

Некои од злобните внатрешни битки во црквата денес, не се случуваат поради одбрана на големите вистини на христијанската вера. Наместо тоа, верниците се расправаат околу начинот на богослужение, начинот на кој е бојадисана некоја просторија, бојата на тепихот и типот на проповедалницата. Таквите битки се сигурен знак дека верниците се повеќе засегнати за своите потреби, отколку за потребите на повредените и необратени луѓе кои живеат околу нив.

**Грев број 6: Приоритет за удобноста**

Пред неколку години мојот најмлад син Џес учеше во последната година на средното училиште. Тој беше член на училишната екипа во рагби. Секогаш кога ќе претераше во некој меч, следното утро спиеше до подоцна. Околу пладне, уморно ќе се спуштеше низ скалите, ќе го пуштеше телевизорот, и ќе лежеше на троседот.

Еднаш поминував покрај него, и забележав дека мојот син, рагбист, гледа емисија за уредување на домот и градината. Љубопитно го прашав, зошто ја гледа таа емисија. Неговиот одговор беше класика: „не работи далечинското“

Многу цркви пропаѓаат бидејќи верниците едноставно не сакаат да се мрднат од своите удобни троседи. Многу полесно е работите да се работат онака, како што се работеле секогаш, отколку да ни биде неудобно надвор од границите на црквата.

**Грев број 7: Библиска неписменост**

Само 3% од црквите во САД имаат испланирано метод за поучување на своите верници, на кој начин тие да ја проучуваат Библијата. Иако проучувањето на Библијата не треба да биде врзано за црквеното опкружување, од императивна важност за црквата е да постојат вакви потфати.

Кога само 3 од 100 цркви се обидуваат на своите верници да им понудат начин да ја разберат Библијата од 1. Мојсеева до Откровението, тогаш веројатно резултатот ќе биде библиска неписменост. Тоа значи дека нашите цркви можеби нема да одговорат на повиците од Писмото, бидејќи не знаат што пишува во него.

**Светлина во мракот?**

Нашето истражување покажува дека многу цркви во САД се болни, пропаѓаат или умираат. Сепак, и понатаму останувам оптимист. Видов многу цркви кои ја отфрлаат темнината на овие седум гревови, и прават нешто да го спречат таквото пропаѓање. Тие претставуваат светлина во мракот.

Неодамна, во една црква завршив едногодишно советување, кое ја поттикна на промена во речиси сите негативни трендови. Пасторот добро го сумираше ова искуство: „Не ни недостасуваат средства, ниту знаење, едноставно ни недостасува послушност. Кога донесовме одлука дека нема да ги прифатиме просечноста и рамнодушноста, Бог почна да нè благословува.“ Тоа е навистина едноставно.

*Том Раинер е претседател на Lifeway Christian Resources и еден од уредниците на списанието Outreach.*

**Градиво за саботна школа**
**2/2021**
**МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ**
Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската
адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**